Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
СКОПЈЕ

| Примено: 14.03.2019 г. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | -73 | /2 | |

УП1 БР. 14- 3417
12.03.2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врс основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Наменски вградливи компјутерски системи и интернет на нешта на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Наменски вградливи компјутерски системи и интернет на нешта на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### О б р а з л о ж е н и е

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање бр. 09-173/37 од 11.12.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-3417 од 18.12.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма акредитирана со: Решение бр. 1409-378/2 од 28.11.2018 година за акредитација на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по по Наменски вградливи компјутерски системи и интернет на нешта на Факултетот за електротехника и информациски технологии, единица во состав, издадена од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-3417 од 01.02.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 26.02.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-3417 од 04.02.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма наведена во точка 1 на ова Решение, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti